# FOREVER

MACEDONIA

Септември 2018 | Број 203

## СПОНЗОРИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ПАТ ЗА СТОКХОЛМ



# Моќта на споделувањето

**На луѓето им е вродено да ги споделуваат убавите работи.**

Размислете за последниот пат кога сте му раскажале на некого за одличен ресторан, нова продавница или искуство кое ви се допаднало. Сигурно со нетрпение сте чекале да го споделите, со ентузијазам да опишете зошто храната, купувањето или настанот толку биле посебни.

Двигател на споделувањето е емоцијата – желбата и другите да искусат нешто позитивно како нас, да ја доживеат истата радост и задоволство. Тоа е суштински поврзано со идејата да им помагаме на другите и е еден од основните механизми кои го движат нашиот социјален бизнис. Затоа што сакаме да ги споделуваме нештата кои мислиме дека ќе им помогнат на другите да се чувствуваат добро, природно е да сакаме и тие да уживаат во производите кои ние ги сакаме, или во бизнис можноста која ни го променила животот на подобро.

Растеме повеќе од 40 години бидејќи секој од вас ги сака нашите производи и има желба да им раскажува за нив и на другите луѓе. Концепцијата е толку фундаментална за нашиот начин на работа, што дури можеме да ја наречеме еден од основните двигатели на нашиот бизнис модел.

**1. Биди активен со 4 б.**
**2. Користи ги производите**
**3. Споделувај ги производите**
**4. Спонзорирај секој месец**
**5. Квалификувај сè за секоја програма**

Кога споделувате, вие си градите и стабилна база од клиенти. Тоа е клучно за развивање на одржлив Форевер бизнис. Луѓето полни со ентузијазам за производите, кои изгледаат и се чувствуваат подобро, непринудено им раскажуваат на другите и така позитивното споделување станува заразно.

Добро размислете дали и колку вие лично го споделувате сопствениот бизнис. И тука не мислам само на претставувања лице в лице или на бизнис презентации, туку вистинско споделување. Кога искрено им раскажувате на другите за своите искуства, вие емоционално се поврзувате со нив. Вие сте автентични во вашата желба да им опишете нешто што го сакате, и да им помогнете, а не само да им продавате. Мислам дека кога го споделувате личното искуство, градите подлабока врска и вашиот бизнис  само ќе расте, кога им помагате на луѓето.

Продолжувајте да споделувате сè што сакате во Форевер – сигурен сум дека ви доаѓа одвнатре.

Продолжувајте да се насмевнувате,



**Gregg Maughan**



# Создавање на наследство

**„Целта на животот не е само да си среќен. Туку и да си корисен, чесен, сочувствителен, да има значење дека си живеел, дека си живеел правилно.“**

- Ralph Waldo Emerson

Во изминатите неколку седмици семејството на Форевер претрпе тешки загуби – сопственици на Форевер бизнис, лидер во нашата бранша, генерален директор. Не можам да ви ја опишам мојата тага од овие вести и колку многу мислев за нивните пријатели и блиски во овие тешки моменти. Размислувајќи за секој од луѓето кои нè напуштија, бев погоден од впечатокот кој секој од нив го оставил врз семејството на Форевер и врз светот.

Со своето сочувство, напорна работа и посветена поддршка за другите, тие до еден оставиле наследство кое долго ќе се помни и ќе има широко распространето дејство врз нивните заедници, држави и реално врз целиот свет. И покрај тоа што веста за нивната смрт нè потресе, благодарение на нивните заслуги кон останатите луѓе, нивното наследство ќе остане живо.

Еден од овие луѓе беше вистинско олицетворение на решителноста. Тој изгради успешен Форевер бизнис во една од најголемите по површина, но најретко населени земји на планетата. Кога за да стигнеш до најблиските соседи треба да изминеш километри низ карпест и непрооден терен, мора да работиш многу напорно, ден за ден, со години, за да изградиш успешен бизнис. Треба да си посветен и трудољубив. Секој километар што го пропатувал за да го сподели својот ентузијазама од производите и бизнисот на Форевер, е градивен елемент во неговото наследство.

Друг пак отвори канцеларија на Форевер во нова држава и го отвори патот во непозната територија. Неговата љубезност и желба беа причина мнозина сопственици на Форевер бизнис да постигнат големи успеси, но тој никогаш не бараше внимание. Ја видел вредноста во славењето на успехот на другите и важноста да им се помогне да ги исполнат своите мечти. Секоја насмевка и споделен добар збор, секоја вредност вградена во нов сопственик на Форевер бизнис, се дел од неговото наследство.

Понекогаш имаме среќа животот да нè сретне со човек чиј дух се чини поголем од самиот живот. Таа дама и член на Форевер семејството брзо стана лидер не само во својата држава, туку и во целиот свет. Нејзината енергија беше навистина заразна, вербата во тоа да ги насочуваш луѓето – непоколеблива, и тие го распалуваа огнот во секој што имаше среќа да ја слушне. Секој со кого го споделила своето знаење и инспирација, продолжува да го надградува нејзиното наследство.

Лекциите научени од овие големи личности се многубројни. Секој од нас секојдневно добива неверојатна можност да создаде дел од сопственото наследство. Секој наш избор, секој живот што го допираме, секој живот што нè допира – тоа се врските и отпечатоците кои навистина можат да ја направат разликата меѓу животот и добро изживениот живот.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**



# ARGI+




## ОПИС И СВОЈСТВА

Научниците ретко имаат храброст да го користат терминот „чудотворен". Но токму овој термин го користат за да го опишат дејството на L-аргинин - аминокиселина која е толку корисна за здравјето што го добила името „чудесна молекула". Тоа не е напразно, бидејќи човечкиот организам го претвора L-аргининот во азотен оксид - соединение кое им помага на крвните садови да се опуштат и отворат широко за подобра циркулација. L-аргининот е прогласен за „молекула на годината" во 1992 год., а шест години подоцна тројца научници - Роберт Ферчгот, Луис Игнаро и Ферид Мурад добија Нобелова награда за медицина за истражување на уникатното соединение и неговите функции во телото.
Системот за циркулација доставува кислород и хранливи материи до сите органи за тие правилно да функционираат. Добрата циркулација е основен извор на енергија за нашите тела и е од витално значење за остварување на оптималниот здравствен потенцијал. Азотниот оксид делува на ширење на крвните садови што придонесува за послободно движење на крвта и потхранување на целото тело и сите органи со кислород и нутриенти. Здравите крвни садови го намалуваат оптоварувањето на срцето и ја подобруваат циркулацијата. Ова може да даде верижен ефект од бројни придобивки за здравјето на целото тело, како повеќе енергија, здрав крвен притисок, подобрени умствени способности, поддршка за правилно функционирање на органите, добар имунитет, раст на мускулите, обновување на коските и ткивата, како и поддршка за добро варење на храната.
Форевер Ливинг Продактс создаде оптимален и комплетен извор на L-аргинин и го нарече АРГИ+. Овој додаток во исхраната содржи 5 грама L-аргинин во една доза, а плусот во името на производот е она што сериозно го издвојува од конкурентите на пазарот. Ексклузивната формула содржи уште два клучни елементи кои му обезбедуваат на организмот хранливи материи неопходни за целосно искористување на аминокиселината и нејзина трансформација во азотен оксид.
Едниот е уникатен и енергизирачки комплекс од витамини C, D3, B6, B12, фолна киселина, како и сè по-популарниот специјален витамин K2, познат уште како менахинон.
Другиот елемент е патентирана овошна мешавина - неверојатна комбинација од овошја богати со антиоксиданси и хранливи материи: калинка, боз, боровинки, малини, капини, ресвератрол и многу други. Тие помагаат за намалување на слободните радикали и метаболичките отпадоци од процесот на конверзија. Сите овие состојки заедно создаваат додаток во исхраната од ново поколение кој го поддржува целокупното здравје. Само една ќесичка АРГИ+ растворена во вода или во вашиот омилен пијалок од алое, ја исполнува секоја ваша клетка со виталност. Додадете оптимално здравје во исхраната на семејството со моќта на аргининот!

## ПРЕПОРАКА ЗА ДОЗИРАЊЕ

Една ќесичка Арги+ се раствора во 240 мл вода или друг пијалок и се зема еднаш на ден.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- L-аргининот е познат како „чудесната молекула".
- Патентираниот овошен микс дава дополнителна антиоксидантна моќ.
- Го подобрува производството на азотен оксид.

# Разговарајте со повќе луѓе!



*СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ*

Драги пријатели,

Никогаш нема да престанеме да бидеме изненадени од едноставната генијалност која стои зад идејата на мрежниот маркетинг и го прави толку силен и достапен – МНОГУ луѓе прават ЕДНОСТАВНИ и ДОСТАПНИ работи кои СЕКОЈ може да ги направи. Ви гарантираме дека секој кој ќе го разбере овој принцип и ќе го следи со сите свои дејства во процесот на градење на сопствен бизнис, ќе успее да создаде голема и функционална мрежа која ќе му носи постојано зголемување на пасивниот доход. И тука можеби лежи тајната формула за успехот што многумина и не успеваат да ја откријат. Имено – разбирањето на секој детал од овој прост принцип.

Да започнеме од крајот кон почетокот. **Кои се ЕДНОСТАВНИТЕ и ДОСТАПНИ дејства, кои СЕКОЈ може да ги прави?**

**На прво место е ЛИЧНАТА УПОТРЕБА** на одличните производи на вашиот бизнис. Колку повеќе, толку подобро. Производите од гамата на Форевер се присутни во секојдневието на секој од нас, зарем не? Си ги миете забите? Користите ли шампон? Лосион? Крем? Парфем? Дезодоранс? Дали ви треба дневно внесување на витамини? Минерали? Аминокиселини? Микро- и макроелементи? Дали сакате да изгледате и да се чувствувате подобро во секој момент? Производите на компанијата ќе ви обезбедат толку многу придобивки што нема да имате трпение да ги споделите со сите околу себе. Исто како што правите со сè што ви се допаѓа и од кое сте задоволни.

И еве, само по себе доаѓаме до **второто едноставно и достапно дејство – СПОДЕЛУВАЊЕТО на придобивките** од употребата на производите на Форевер со луѓето околу нас. Може ли секој да го прави тоа? Се разбира! Зарем не го правиме тоа за многу други работи? Овие две дејства ќе ви овозможат ентузијазам и стабилност. Со тек на времето луѓето од вашата околина ќе почнат да си порачуваат производи од вас, бидејќи  и тие ќе сакаат да уживаат во придобивките за кои лично сте им раскажале. И тие не мора да бидат многу. Од 15 до 20 редовни клиенти ќе ви ја обезбедат потребната стабилност.

Но тоа никогаш нема да биде доволно за голем и успешен мрежен бизнис, додека не ја вклучите во формулата и најважната компонента, МНОГУ ЛУЃЕ кои ќе ги извршуваат овие едноставни и достапни дејства. И тука на помош доаѓа неверојатната моќ на мултипликацијата. Најдете двајца клучни луѓе од својата околина кои исто сакаат да изградат сопствен бизнис за да си го променат животот, и научете ги да го прават истото како вас. Наскоро ќе имате уште 2+4=6 члена во мрежата. Тие ќе ги користат производите, ќе им раскажуваат на сите околу себе за придобивките од нив и ќе ги претставуваат бизнис можностите на колку се може повеќе луѓе, за да растат постојано нивната мрежа, прометот во неа и нивните бонуси. Сега замислете дека клучните луѓе се три и потсетете сè на простата математика од основно училиште: 3x3=9, 9x3=27, 27x3=71, или 5x5=25, 25x5=125, 125x5=625... И од никого во мрежата не се бара ништо повеќе од тоа да У**ПОТРЕБУВА ЛИЧНО, да СПОДЕЛУВА и ДА СПОНЗОРИРА секој месец** за не повеќе од 4 б. И сигурни сме дека секој може да пресмета што ќе се случи со вашиот бизнис ако навистина сите во мрежата прават по 4 б. од лична употреба, клиенти и ново спонзорирани соработници. Направете го тоа!

А за да се случи сето ова, запомнете и секојдневно применувајте го **основното дејство** кое води до успех во мрежниот маркетинг – **РАЗГОВАРАЊЕТО со луѓето.** За бизнисот, за производите и најмногу за можноста да го променат животот со ЕДНОСТАВНИ и ДОСТАПНИ дејства, кои СЕКОЈ може да ги прави. Без ризик. Без потреба од инвестиции. Со докажан систем. Во партнерство со водечка компанија во браншата, која е најголемиот производител и распространувач на производи од алое вера во светот.



Со љубов и секогаш со Вас,
*Стефан и Тања Стаеви*






# СПОНЗОРИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ПАТ ЗА СТОКХОЛМ

Заработете 2 влезници за Глобал Рели во Стокхолм
и до 250 евра за вашето патување.

**УСЛОВИ**

- Квалификациски период - 1 септември до 30 ноември 2018 година.
- Квалификуваните за Глобал Рели или Chairman's Bonus се изземени.
- Влезниците за Глобал Рели ќе бидат достапни по пристигнувањето во Стокхолм.
- Надоместокот за патување ќе биде префрлен на сметките на квалификуваниот по приложен доказ за патување до или пристигнување во Стокхолм.
- Наградите се однесуваат за регистрацискиот број на Сопственикот на Форевер бизнис.

Stockholm
Global Rally
#FGR19
foreverliving.com

FOREVER®

# СПОНЗОРИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ПАТ ЗА СТОКХОЛМ

Заработете 2 влезници за Глобал Рели во Стокхолм и до 250 евра за вашето патување.

## НИВО 1 - Вашата цел е да:

- Постигнете 7 бодови од нов бизнис
- Бидете активни со 4 бодови во текот на секој полн месец од периодот на квалификацијата.
- Спонзорирајте најмалку 2 нови Асистент Супервизори во две одделни линии, при што најмалку еден од нив ќе биде активен со 4 бодови во најмалку еден од месеците на квалификација.

**ВАШАТА НАГРАДА: 2 влезници за Глобал рели во Стокхолм, 05/18**




## НИВО 2 - Вашата цел е да:

- Постигнете 14 бодови од нов бизнис
- Бидете активни со 4 бодови во текот на секој полн месец од периодот на квалификацијата.
- Спонзорирајте најмалку 2 нови Асистент Супервизори во две одделни линии, при што најмалку еден од нив ќе спонзорира нов Асистент Супервизор и најмалку еден од нив ќе биде активен со 4 бодови во најмалку еден од месеците на квалификација.

**ВАШАТА НАГРАДА: 2 влезници за Глобал рели во Стокхолм, 05/18 + €125 за патувањето**




## НИВО 3 - Вашата цел е да:

- Постигнете 28 бодови од нов бизнис
- Бидете активни со 4 бодови во текот на секој полн месец од периодот на квалификацијата.
- Спонзорирајте најмалку 3 нови Асистент Супервизори во три одделни линии, при што најмалку два од нив ќе спонзорираат нов Асистент Супервизор и најмалку еден од нив три ќе биде активен со 4 бодови во најмалку еден од месеците на квалификација.

**ВАШАТА НАГРАДА: 2 влезници за Глобал рели во Стокхолм, 05/18 + €250 за патувањето**




Stockholm
Global Rally
#FGR19
foreverliving.com

FOREVER®

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУЛИ 2018 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Жарко Ленче и Мијо
2. Јовевски Марија и Бранко
3. Петковска Фросина

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Адили Газменд
2. Амети Вебије
3. Ампова Антонија
4. Андова Колинда
5. Арсова Лилјана
6. Атанасовски Никола
7. Аврамовиќ Станковски Христина
8. Богев Тоше
9. Бојковски Александар
10. Бонгурова Станковска Бојранка
11. Бошковска Мери
12. Божинова Милица
13. Василевски Спасе
14. Витанова Даниела
15. Врескала Мјафтиме
16. Георгиевска Владанка
17. Данева Јанева Сања
18. Димитровска Снежана
19. Ѓилај Сејдини
20. Ѓоргиева Македонка
21. Ѓорѓевски Миле
22. Ѓоргиевски Виктор
23. Естатиевски Јаким
24. Желкова Рената
25. Зафиров Драган
26. Зафировска Лидија
27. Здравковиќ Јелена
28. Златковски Стефан
29. Исаки Рејхане
30. Ивановска Душанка
31. Јовановиќ Марија
32. Јовчевска Јанковска Катерина
33. Кајтазова Босилка
34. Коцев Димитар
35. Костова Лела
36. Крстевска Елизабета
37. Куртиши Леудиа
38. Лимани Назмије
39. Манасиевска Славица
40. Милева Велика
41. Митрова Маре
42. Митрова Ванцова Вероника
43. Мухаремовиќ Феран
44. Николовска Драгица
45. Панев Сашо
46. Петровска Викторија
47. Поповиќ Новица
48. Распашковска Стела
49. Ристова Магдалена
50. Силјаноска Сања
51. Силјаноска Петреска Ирена
52. Станковиќ Бојана
53. Стефанова Валентина
54. Стојанов Дејан
55. Стојанов Марија
56. Стојанова Тања
57. Стојановска Викторија
58. Стојчев Никола
59. Темелкова Билјана
60. Тимов Марјанчо
61. Тодоровска Слаѓана
62. Трајкова Анетка
63. Шуминоска Љиљана


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## SUCCESS DAY

**20.10.2018**

Хотел „Holiday Inn", Скопје

Почеток-11 часот

Ве очекуваме!

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – Прво ниво**

Жарко Ленче и Мијо
Поп Илиева Елизабета
Јуришиќ Јулијана
Петрушевска Слаѓана
Јанчиќ Гордана
Цакирпалоглу Христина

**Клуб 4 – Второ ниво**

Ташевска Јадранка

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Елена Гелевска |
| 2. Вера Златковска | 2. Стевица Димовска |
| 3. Др.Снежана Контра | 3. Др.Теута Ајети |
| 4. Славица Донакова | 4. Македонка Петровска |
| 5. Елена Гелевска | 5. Вера Златковска |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Др.Роза Гелевска |
| 7. Блага Крстеска | 7. Жарко Георгиевски |
| 8. Стевица Димовска | 8. Фердезе Сулејмани |
| 9. Др.Теута Ајети | 9. Слаѓана Маџова |
| 10. Македонка Петровска | 10. Катерина Трајчевска |


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826;
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 и 02 2465826 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.